


# Измама на Шилегов вредна 12.7 милиони евра, само за ова се лежи во затвор, велат од ВМРО ДПМНЕ

Во ноември месец во 2019та година скопскиот градоначалник Петре Шилегов ја продаде градската куќа за 12.7 милиони евра, “частејќи го” новиот сопственик со гратис земиште и ослободени комуналии. Со парите од 12.7 милиони евра, речиси 2 години подоцна не е купен нов објект, ниту пак е започната некоја нова инвестиција од корист за скопјани, се вели во соопштението од ВМРО ДПМНЕ.

Во продолжение на истото се додава:

Шилегов мистериозно “ги стопил” овие пари кои според нашите сознанија не се на сметката.

Дали со продажбата на претходно изградената градска куќа е направена измама тешка 12.7 милиони евра?

Претходно предупредивме дека направен е “договор” за објектот на поранешното ЕСМ, каде градот би бил оштетен по принципот ново за старо. Во меѓувреме главното прашање е каде се, и за што се употребени 12.7 милиони евра од продажбата на новата градска куќа?

Ваквата измама е доказ за неработата, мрзливоста и лепливите прсти на Шилегов. Додека Скопјани чекаат проекти, градската каса се празни за приватни џебови.

Шилегов по стапките на неговиот ментор Заев е целосно преокупиран со сомнителни и криминогени проекти.